# THE LEVEL OF EDUCATION OF LIBRARIANS IN FUNCTION OF EFFICIENT ADVANCEMENT OF SCHOOL LIBRARIES

**Suzana Kotovchevska**
University "St. Cyril and Methodius ", Skopje, Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski "- Skopje, Republic of North Macedonia, suzana_kot@yahoo.com
**Anita Shterjoska Mitreska**
University "St. Cyril and Methodius ", Skopje, Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski "- Skopje, Republic of North Macedonia, asterjos@yahoo.com
**Vesna Horvatovikj**
University "St. Cyril and Methodius ", Skopje, Faculty of Pedagogy "St. Kliment Ohridski "- Skopje, Republic of North Macedonia, horvatovikj@yahoo.com

**Abstract:** As a result of the huge number of changes in the field of technological areas, in recent years there have been significant changes in the domain of information sources, as well as significant structural and functional changes in libraries. Namely, libraries must fully respond to the challenges of the new age in the era of the troubled information world - to be fully in the function of users who seek quality knowledge, information and creative art.In the new world of information, school libraries, and in this context librarians in school libraries, are changing their traditional role in order to most successfully meet the informational, educational and recreational needs of local users.The library staff as the main carrier and engine of the development of librarianship, information knowledge and skills, as well as the development of documentation is constantly the subject of special attention of the developed countries in the world. Today, we are constantly working on the question of how to create a library staff that will be able to adapt and respond efficiently and in a timely manner to the rapid development of science, technology and the needs of society as a whole.
**Keywords:** School libraries, librarian, education

# СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНО УНАПРЕДУВАЊЕ НА УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ

**Сузана Котовчевска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Република Северна Македонија, suzana_kot@yahoo.com
**Анита Штерјоска Митреска**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Република Северна Македонија, asterjos@yahoo.com
**Весна Хорватовиќ**
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, Република Северна Македонија, horvatovikj@yahoo.com

**Апстракт:** Како резултат на огромниот број на промени во областа на технолошките области, во последните години има значителни промени во доменот на изворите на информации, како и значителни структурни и функционални промени во библиотеките. Имено, библиотеките мора целосно да одговорат на предизвиците на новото време во ерата на проблематичниот информатички свет - да бидат целосно во функција на корисници кои бараат квалитетно знаење, информации и креативна уметност.Во новиот свет на информации, училишните библиотеки, а во овој контекст и библиотекарите во училишните библиотеки, ја менуваат својата традиционална улога со цел најуспешно да ги задоволат информативните, едукативните и рекреативните потреби на локалните корисници.Библиотечниот персонал како главен носител и мотор на развојот на библиотекарството, информациските знаења и вештини, како и развојот на документацијата е постојано предмет на посебно внимание на развиените земји во светот. Денеска постојано работиме на прашањето како да создадеме библиотечен персонал кој ќе може ефикасно и навремено да се приспособи и да одговори на брзиот развој на науката, технологијата и потребите на општеството во целина.
**Клучни зборови**: Училишни библиотеки, библиотекар, образование.

## 1. ВОВЕД

Библиотеките како информациски сервиси во целост се посветени кон обврската на своите корисници да им нудат релевантни информациски извори и услуги без никакви ограничувања и без било каков облик на цензури. За да се реализираат во потполност библиотечните цели, библиотекарот како основен носител на целокупната библиотечна дејност, треба да поседува определен квантум на знаење, способности, вредности и ставови преку кои информацискиот експерт ќе даде одговори на многу предизвици во однос на развојот на библиоитечната дејност, како и постојано да ги усовршува односите со корисниците.
Во современото библиотечно работење секогаш се потенцира информацијата и информациското знаење, информатичката технологија и нивното користење ставено во функција на корисниците на библотеката. Со оглед на тоа мошне е важно библиотекарот да ги подобрува информациските услуги, да ги утврдува информациите што им се потребни на корисниците и според нив да ја креира информациската улога. Библиотекарот, исто така, мора да поседува специјализирано – стручни знаења, кои се неопходни за остварување на библиотечната дејност, како и способност за критика во однос на проценување и избирање на информацијата и проценуваање на резултатите од користњето на истата, што ќе придонесе до една анализа на проблемите што произлегуваат од раководењето со нив.
Основната мисија на секоја библиотека во целост е насочена спрема корисниците и се раководи првенствено од нивните потреби. Задоволувањето на нивните потреби во овој контекст подразбира обезбедување на пристап до сите потенцијално значајни информации врз основа на традиционалната замисла на информациското пребарување.
Современите библиотеки, а во тој контекст и училишните библиотеки, претставуваат богата и незаменлива ризница на човековото знаење, мудрост и култура. Во исто време, училишните библиотеки претставуваат место каде што учениците на организиран начин може да дојдат до потребната информација и знаење. Тие се средишта и жариште за збогатување на интелектот и за јакнење на личноста.

## 2. УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ ВО ФУНКЦИЈА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИОТ ПРОЦЕС

Училишните библиотеки, како и сите останати библиотеки во суштина претставуваат ризница на човековото знаење и култура. Во исто време, училишните библиотеки претставуваат средишно (централно) место во училиштето, или уште по прецизно, информациско средиште во кое се одвиваат сите значајни културни и педагошки активности со цел стекнување на култура за читање од страна на учениците. Овие библиотеки претставуваат мултимедијални центри кои обезбедуваат средства за што поквалитетна работа и креативно ангажирање на сите категории училишни групи-одделенија (класови), учители и ученици.
Во суштина, училишните библиотеки како центри на знаење и култура, на суптилен начин, ја обединуваат традицијата и современоста, претставувајќи линк на временската вертикала, бидејќи таа ги следи најновите образовни и информациски потреби на своите корисници. Овие библиотеки претставуваат функционално поврзување на повеќе извори на знаења (книги, аудио и видео-касети, филмски ленти, компјутери, современи аудиовизуелни средства), што подразбира мултимедиски приод во изведувањето на наставните содржини.
Според ИФЛА, училишните библиотеки претставуваат „збирка на печатена и аудиовизуелна граѓа, собрана во сите училишта под надзор на професионално оспособени училишни библиотеки."
Училишните библиотеки претставуваат информациско, медиумско, комуникациско и културно средиште на училиштето. Содржината на училишната библиотека ја сочинува организираната збирка на книжна и на некнижна граѓа која, со можноста за пристап до електронските извори на информации и стручната работа на библиотечниот персонал, служи за задоволување на информациските, образовните, стручните и културните потреби на корисниците (учениците и наставниот кадар).
Програмата на училишните библиотеки претставува составен дел на училишниот курикулум и е вклучена во наставниот процес и учење.
Дејноста на овие библиотеки, првенствено, се остварува како воспитно - образовна дејност, стручно библиотечна, како и на културна и јавна дејност.
Во суштина, библиотеките кои функционираат во состав на училиштата на учениците им овозможуваат стекнување на вештини и знаења за доживотно учење, ги развиваат можностите за нивно логично расудување и им овозможуваат да живеат како одговорни граѓани (државјани) на современите општества.
Денес во сите современи училишта мошне значајно место ѝ припаѓа на училишната библиотека. Таа е важно информациско средиште, и е средство за модернизација на воспитно – образовната работа како извор и јадро на образовните информации и можности за учење, самообразование и напредување. Имено, станува збор за добро осмислена и организирана библиотека која е ефикасно поврзана со наставата и со севкупниот

наставно - образовен процес и претставува значаен центар во кој се одвива бога педагошка, инструктивна работа со учениците.

Од аспект на стандардите, училишната библиотека можеме да ја дефинираме како *организирана збирка на книжна и некнижна граѓа, која преку дејствувањето на библиотечниот персонал набавува, обработува, чува и им ја дава на употреба книжната библиотечна граѓа заради задоволување на образовните, културните, информациските и на стручните потреби на корисниците на перманентното образование.*

Денес, кога наставата сè повеќе и повеќе се прифаќа како комуникациско-интеракциски процес во кој е значаен процесот и соработката на сите субјекти (ученици-фактори), станува сè поважна и соработката помеѓу учителот и библиотекарот.

Училишниот библиотекар во современиот воспитно - образовен процес треба да се профилира како врвен професионалец и стручњак - информациски, библиотекарски и педагошки.

Во современиот свет сè повеќе се истакнува поврзаноста на библиотечно-информациската дејност со процесот на образованието и потребата за доживотно учење. Нејзината иднина се согледува и преку „дигиталното знаење”, бидејќи „ако знаењето е моќ” (Френсис Бекон), тогаш „дигиталното знаење е уште поголема моќ” (Мартин Дилон). Иако образованието се движи по патот на индустријата на знаење, библиотеките во иднина треба да овозможат што подиректен пристап до знаењето под рамноправни услови за сите корисници. Досегашниот принцип на управување со информациите треба брзо да се трансформира во управување со знаењето. Дали библиотеките во новата „конфронтација” со Интернет имаат шанса да ја зачуваат својата позиција, нормално видеоизменета според новите современи предизвици, во голема мера зависи од професионалниот развој на библиотечниот кадар кој претставува една од важните компоненти, ако не и најважна за целокупниот развој на библиотекарството во XXI век.

За целосно и успешно остварување на функциите на библиотеките, покрај библиотечниот материјал кој е значаен фактор на овој план, неопходно е да се профилира солиден квалификуван библиотечен кадар со високи професионални и етички стандарди, кадар кој непрекинато ќе се едуцира и ќе биде подготвен за тимско работење и за квалитетно управување со библиотеките. Библиотекарите со своето образование и знаење треба да претставуваат главни двигатели во развојот на училишните библиотеки. Со нивното образование и знаење, професионални компетенции, организациско и стручно искуство во голема мера придонесуваат за современото библиотечно работење. Во исто време од големо значење ќе биде и нивната способност за примена на новите знаења во функција на успешно давање на библиотечни услуги.

Денес на светско ниво постојано се водат дебати за идниот профил на библиотекарите, нивото на нивното образование, професионалното воспитување, етичкиот кодекс и севкупните негови лични квалитети. Сè повеќе се наметнува прашањето како да се создаде библиотечен кадар што ќе биде способен да се прилагодува и позитивно да одговори на брзиот развој на науката, техниката и општеството во целост.

## 3. АНАЛИЗА НА АКТУЕЛНАТА СОСТОЈБА ЗА СТЕПЕНОТ НА ОБРАЗОВАНИЕ НА БИБЛИОТЕКАРИТЕ ВО УЧИЛИШНИТЕ БИБЛИОТЕКИ

За успешно одвивање на информативната дејност во училишните библиотеки од посебно значење е активноста на секоја библиотека и нејзината заложба за обезбедување на што поголем број информации.

Развојот на современите библиотеки беше условен со мошне брзиот развој на современата наука, што подразбира и профилирање на високообразован библиотечен кадар како врвен професионалец и стручњак – информациски, библиотекарски и педагошки.

За да се утврди состојбата со образованието на библиотекарите во училишните библиотеки Институтот за библиотекарство при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје направи истражување во основните и средните училишта на град Скопје.

Во фокусот на нашето истражување беа вклучени сите библиотеки на основните и средни училишта на град Скопје. За илустрација, во овој проект, без исклучок, беа вклучени сите единаесет општини во рамките на град Скопје (Кисела Вода, Центар, Бутел, Оризари, Петровец, Илинден, Чаир, Карпош, Ѓорче Петров, Гази Баба и Аеродром и општина Сарај) со вкупен број на 89 училишта.

Акцентот беше ставен на нивното сеопфатно скенирање и изучување на состојбите, организационата поставеност и функциите со цел да се добие целосна и јасна слика неопходна за зголемување на нивната ефикасност и квалитетот на нивното функционирање во иднина . Во суштина станува збор за специфичен мошне оригинален и комплексен проект со оглед на големината и опфатот на посочениот проблем и предмет на истражување значаен за фкупното унапредување на библиотечната дејност и воспитно – образовниот процес во училиштата лоцирани во град Скопје.

Ако зголемените барања за прецизност на проценката (т.е. помал интервал на проценка) како и поголемата дисперзија на податоци бараат (подразбираат) што е можно поголем примерок, во нашето истражување,

заради постигнување на максимална прецизност на проценката во функција на изведување научно исправни законитости и генерализации, односно целосна индикација, се одлучивме за примена на целиот основен збир, односно целосна индикација.

Актуелната состојба со бројот на анкетирани училишта, односно училишни библиотеки во општините на територија на град Скопје, значајно се разликува и фрекфенцијата се движи од една училишна библиотека (1,1 % од вкупниот број на училишни библиотеки на ниво на град Скопје) во општина Петровец, до 15 училишта, односно училишни библиотеки (16,9 % од вкупниот број на училишта, односно училишни библиотеки на ниво град Скопје) во општина Карпош. Бројот на училиштата во останатите анализирани општини се движи во интервал од 1 до 15 училишта, односно училишни библиотеки, со највисока фрекфенција на резултати од 9 до 11 училишта, односно училишни библиотеки во шест анализирани. Вкупниот број на училишта во анализираните општини изнесува 89 (основни и средни училишта).

***Дијаграм 1. Број на училишта по општини***




Од вкупниот број на анализирани училишта (89), најголем број, поточно 68 или 76,4 % се во категоријата на основни училишта, додека во рангот на средни училишта отпаѓаат вкупно 21 или 23, 6 %.

Исто така, значаен е да се потенцира и податокот дека во вкупно 6 училишта, или во 6,7 % од анализираните училишта, нема училишна библиотека, додека во 83 училишта, или 93,3 % егзистираат определени училишни библиотеки.

Овие податоци генерално укажуваат дека првичната состојба со поставеност на значајна мрежа на училишни библиотеки е респективна, но сè уште целосно недоволна, со оглед на фактот дека не би требало да постои училиште во XXI век без соодветно организирана и функционална училишна библиотека.

Состојбите на планот на степенот на образование се релативно поволни, односно најголем процент од вработените библиотекари, или вкупно 68 (76,4 %) имаат завршено високо образование, 12 библиотекари (или 13,5 % ) имаат завршено вишо образование, додека само два библиотекара имаат средно образование, или незначителни 2,2 % од вкупниот број на вработени библиотекари во анализираните училишни библиотеки.

Акцентот на презентација на резултатите во овој труд е ставен на анализа на степенот на образование на библиотечниот кадар во основните и средните училишта.

***Дијаграм 2. Фрекфенција на училишта според степенот на образование на библиотекарскиот кадар***




Од податоците добиени од вкупно 89 училишта, 68 училишта се основни. Во нашето истражување од анализираните 68 основни училишта за 6 библиотекари не се дадени информации за степенот на образование, 1 библиотекар (2 %) се изјаснил дека има завршено само средно образование, 12 вишо (19 %) и 49 високо образование (79 %).

Врз основа на добиените резултати од истражувањето недвосмислено можеме да констатираме дека во училишните библиотеки во рамките на основните училишта доминираат библиотекарите со завршено високо образование (79%). Тоа говори дека нивото - степенот на образовната структура на библиотечниот кадар во основните училишта е мошне поволен што претставува соодветна гаранција за успешно и квалитетно остварување на библиотечната функција.

Идентична е и состојбата со застапеноста на вработени (ангажирани библиотекари) со завршено високо образование во училишните библиотеки на средните училишта. Попрецизно, од 20 анализирани училишта, во 19 средни училишта (95%) библиотекарите се со завршено високо образование што имплицира на заклучок на мошне висока стапка на ангажирани библиотекари со високо образование. Резултатите од ова истражување ќе се комплетираат уште повеќе со дополнителна и попрецизна анализа за конкретниот профил на библиотечниот кадар – односно во која мера поседуваат соодветно библиотечно образование со завршен соодветен факултет од областа на библиотекарството и информациските науки.

Исто така, релативно високата стапка на образовниот профил на училишните библиотекари во средните училишта нуди висок степен на гаранција за успешно и квалитетно реализирање на поставените цели и функции во нивните училишни библиотеки.

## 4. ЗАКЛУЧОК

Експанзијата на информациската и дигиталната писменост, како и променливите потреби и очекувања на корисниците наметнуваат секојдневна трансформација на работата на библиотеките.

Ако се земе предвид дека библиотеката претставува стожер на информациското, медиумското, комуникациското и културното оформување на личноста, а информациското описменување на секој поединец, првенствено, се остварува во процесот на образованието, актуализација на моќта, одговорноста и екипираноста на училишните библиотеки секојдневно се зголемува.

Компетенциите на училишните библиотекари што се опредметени во развојот на концепции и стратегии за интеграција на библиотеката во наставната практика, иницираат научно перцепирање на библиотеката како инструмент за холистички пристап кон учењето, поттикнувајќи развој на методски стратегии за користење на различни извори на информации при решавање на секојдневни животни проблеми. Оттаму, училишните библиотеки се главниот информациски училишен центар на кој треба да му се посвети поголемо научно-истражувачко внимание.

Нашето истражување покажа дека во училиштата, преку констатираната висока стапка на образовниот профил, е задоволен првиот услов за квалитетно библиотекарско работење. Но, зголемувањето на компетенциите на училишните библиотекари е еден од клучните фактори за тековно подобрување на квалитетот во образованието и за зголемување на функционалната писменост на учениците. Со оглед на фактот дека професионалната ориентација на училишните библиотекари е диференцирана (опфаќа различно

иницијално образование), сметаме дека перспективата на истражувач и стратег за квалитетни библиотекарски практики треба да го продолжи патот до своја практична верификација на матичните високообразовни институции чијашто примарна дејност е пред сè, библиотекарската наука.

**ЛИТЕРАТУРА**

Котовчевска, С. (2020).Училишните библиотеки – светилник во современиот образовен процес. Скопје
Клејтон, П. (2009). Управување со изворите на информации во библиотеките. Скопје.
Alewine, M.C., & Canada, M. (2017). Introduction to Information Literacy for Students, Wiley-Blackwell (E-BOOK: ISBN: 978-1-119-05486-3)
Brofi, P. (2005). Biblioteke u dvadeset prvom veku. Beograd: CLIO.
Harvey, C.A. II, (2016). The 21st-Century Elementary School Library Program: Managing for Results, Libraries Unlimited
Higins, S. I. (2009). Javne biblioteke I sluzbe za mlade. Beograd: Narodna biblioteka Srbije
Kerby, M. (2019). An Introduction to Collection Development for School Librarians, Second Edition, ALA Editions AASL
Leung, B.T.H., Xie, J., Geng, L., & Pun, P.N.I. (2019). Transferring Information Literacy Practices, Springer, (ISBN 978-981-13-7743-3)
Miler, Z., & Zan-Luj, M. (2006). Menadzment biblioteka. Beograd: CLIO - Narodna biblioteka Srbije.
Moore, P. (1998). Primary school children`s interaction with library media: information literacy in practice, U: Shoham, S. and Yitzhaki, M. (eds.): Education for ell: culture, reading and information, International Association of School Librarianship.
Spreadbury, H., & Spiller, D. (1999). Survey of secondary school library users, LISU Occasional Paper 21, Library and information Statistics Unit, Loughborough University